*Љубен ЛАПЕ*

# ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ*)

## — По повод 50 години од неговото убиство —

Следејќи го животниот пат и делата од првите до последните денови од животот на Ѓорче Петров, објективниот историчар не може да не се согласи дека Ѓорче Петров е еден од врвните идеолози и организатори на македонското националноревоluцинерно слободително движење, еден од сјајните агитатори и пропагатори на неговите идеи, како и еден од неговите најснажни раководители и заштитници.

Роден во прилепското предградие Варош околу 1866 година, Ѓорче Петров го завршил основното училиште и долните класови на гимназијата во Прилеп и Битола, а трите погорни класови во Солун. Заради праќањето дописки против деспотските постапки на егзархиските училишни власти во тогашната солунска гимназија, како и поради подбутнувањето на своите другари од класот на училишен штрајк, бил исклучен од V клас од оваа гимназија со уште 12—13 другари ученици. По краткиот престој во Пловдив се вратил во Македонија и станал прво наставник во Штип од 1885—1887, потоа 1888 година коректор во печатницата на Коне Самарџиев во Солун, па од 1888—1891 година, наставник во Скопје, од 1891—1895 наставник во Битола, а од 1895—1897 година професор во Солун.

Во тогашните услови на бавно распаѓање на турскиот полуфеудален систем во Македонија и во условите на засилената пропагандна активност на соседните балкански монархии, коишто преку училиштата, црквите и вооружените чети работеле врз потчинувањето на Македонија, Ѓорче Петров многу рано сфатил дека организирањето на македонскиот народ за револуционерна борба и неговото систематско подготвување за ослободување од турското ропство и од апетитите на соседните буржоазии е един-

*) Прилозите за Ѓорче Петров во овој број на списанието, ги објавуваме по повод одбележувањето 50-годишнината од убиството на овој великан на македонскиот народ. (Прим. на Ред.)

ствениот спасоносес пат. Од првиот ученички бунтар од солунската гимназија, преку творецот на првиот таен комитет во Штип во 1885 година, којшто поради сè уште незрелите услови се распаднал, Ѓорче Петров се качил на едно од врвните места на тукушто основаната Тајна македоно-одринска револуционерна организација во Солун, чиишто идејни, стратешки и тактички основи и принципи со своето знаење и неуморна работа до крајот на својот живот ги пополнувал, доградувал и бранел.

Како наставник во Битола ги издавал првите нелегални новини на организацијата под наслов „На оружје!", чиешто издавање го продолжил во Солун. Во својството на член на ЦК на ТМОРО зел учество на нејзиниот втор конгрес 1896 година заедно со Гоце Делчев, каде и прв пат се запознал со него. На истиот конгрес добил задача заедно со Г. Делчев да го изработи новиот устав и правилник на Организацијата во кои дошла до израз основната мисла за сеопфатност на разноверските и разнозначајните македоно-одрински маси и упорното внесување револуционерен дух и свест во нив за извојување, по пат на револуција, полна политичка автономија за Македонија и Одринската област.

Во 1897 година бил пратен во Бугарија со Г. Делчев да формираат Задгранично претставителство на Организацијата со задача да ја претставува ова македонската Организација пред надворешниот свет, да ги брани нејзините интереси од сите надворешни напади, како и да ги задоволува нејзините потреби во оружје, литература и др. Додека Г. Делчев се занимавал повеќе со практичните организациони задачи, Ѓорче Петров се борел против сите тајни и јавни планови на бугарската буржоазија и дворот и нејзините опасни орудија во лицето на Врховниот македоно-одрински комитет во Софија и бугарската егзархија во Цариград, кои настојувале да ги дофатат раководните места во македонската организација или да го свртат нејзиното работење во своја полза. Во оваа борба со неспоредливо појаките непријатели Ѓорче Петров го издавал прво својот весник „Бунтовник" од 1898—1899 година, потоа брошури во кои ги откривал задкулисните планови и методи на разнообразните квазимакедонски комитети и непријатели, кои се облекувале во улогата на „ослободители" на Македонија. Во најголемиот размав на борбите во 1901 година Ѓорче Петров бил уапсен од страна на бугарската влада во Софија и на два пати (1901 и 1903 г.) праќан во интернација во Трново и Казанлак.

Поради ова и поради непризнавањето на бугарскиот врховист Иван Гарванов, кој го заграбал раководното место на Централниот комитет во Солун, бил сменет од местото задграничен претставител на Организацијата, но ја продолжил бескомпромисно борбата за запазување на самостојниот карактер на македонското национално-ослободително движење од сите напади однадвор. Бил на чело на групата македонски раководители за непримање на

решението на Централниот комитет во Солун 1903 година за кревање на востание, длабоко убеден дека ќе пропадне востанието поради недостаточната оружена подготвеност на народните маси и поради непогодно одбраниот момент. Неуспевајќи да го сопре решението за кревање востание се префрлил од Бугарија во Македонија со една прилично голема чета и учествувал во Илинденското востание во Прилепскиот крај. По катастрофата од 1903 година останал цела година нелегален во Македонија да ги средува приликите на заслабената Организација на теренот. Во крајот на мај 1904 година учествувал на заседанијата на Битолскиот окружен конгрес држан во прилепските села, заземајќи се во новонастанатите услови за изработување на нов статут и правилник на Организацијата, во кој би дошло до израз изборното начело на сите раководни тела од селските комитети надолу до Централниот комитет нагоре, како би се сопрело наметнувањето или вовлекувањето на луѓе со туѓи разбирања во Организацијата од типот на бугарскиот врховист Иван Гарванов. Учествувал исто така и на Струмичкиот окружен конгрес од август истата година. Своите разбирања за целите, средствата и задачите на македонското движење ги изнесол подетално во неколку статии од списанието „Македонски преглед“ за 1905 година. Според Ѓорче Петров во една од тие статии „Револуционерната активност и оружената борба на живот и смрт против турската власт мора да биде главен и основен фактор во решавањето на нашето прашање — фактор кој дејствува самостојно, независно од другите надворешни фактори, туѓи по дух и карактер. Ако се прибегне кон средства од владините извори, тогаш револуционерната идеја ќе пропадне“.

На општиот конгрес на Организацијата во Рилскиот манастир 1905 година, Ѓорче Петров го водел левото крило на Организацијата заедно со Пере Тошев и Јане Сандански и, благодарение на неговото влијание, левицата однесла победа на овој конгрес, донесла нов статут и правилник на Организацијата во духот на неговите идеи и го одбрала пак него за задграничен претставител на Организацијата во Бугарија.

Непосредно по објавувањето на Младо-турската револуција од 1908 година и нејзините прокламирани начела за слобода на зборот, договорот и печатот, Ѓорче Петров повторно дошол во Македонија и заедно со писателот Антон Страшимиров го уредувал двонеделниот општествено-литературен журнал „Културно единство“ во Солун од 1908—1909 година.

Во Балканската и Првата светска војна бил принуден политички да се пасивизира, но наеднаш по пробивот на солунскиот фронт од страна на силите на Антантата зел иницијатива, заедно со македонскиот комунист Димо Хаџи Димов и прогресивната Серска група, да формира „Времено претставителство на обединетата бивша Внатрешна македонска револуционерна организација“. Борејќи се од една страна против врховистичките орудија

на Бугарија, кои пледирале за приклучување на Македонија кон Бугарија, од друга страна против планираното дробење на македонската територијална целост на Версајската мировна конференција, Ѓорче Петров го истакнал барањето за „единствена и независна Македонија како стожер на мирот и на балканската федерација.“ Овие свои разбирања ги спроведувал во Билтенот на ова Времено претставителство којшто излегувал во Софија и под негова редакција. Во 1920 година искажал желба преку југословенскиот дипломатски претставник во Софија и се обидел да се врати во својот роден град Прилеп, но неговото барање било одбиено од тогашните надлежни воени власти во Скопје. Последните години од својот живот ги поминал како раководител на една комисија за сместување на македонските бегалци по Првата светска војна во пределите на Бугарија. На 28 јуни 1921 година бил подло убиен од врховистичките орудија сред Софија.

Би била неполна сликата и би му се нанесла голема неправда на Ѓорче Петров кога не би се споменало, надвор од неговата политичка активност, неговото волуминозно дело од 734 страни од првите години на неговата културно-просветна работа и плод на неговите неуморни географско-етнографски испитувања вршени на самиот терен на Македонија и објавени под наслов „Материјали за изучување на Македонија“, чиишто научни и стручни квалитети има допрва да ги оценува нашата географска и етнографска наука.

Сумирајќи ги резултатите од борбените напори на својата генерација, пред крајот на својот живот Ѓорче Петров ќе ги напише следниве знаменити зборови: „Македонија по своја иницијатива и по сила на својот живот се обособи сама себеси во одделна морална единица, со своја специфична идеологија и со свој политички лозунг — обласна самоуправа кое нешто се трудеше да го реализира со свои сопствени сили и средства. Долгата и упорна нерамна борба против турското политичко владеење под знамето на горниот лозунг; епските подвизи на безброј безимени дејци во редовите на Внатрешната револуционерна организација — кои беа нејзина рожба, коишто високо рекламираат еден возвишен идеализам; големиот духовен подем и силното политичко сознание на населението, ќе си го сочуваат за секогаш своето воспитно значење за поколенијата и ќе бидат за нив скапи историски спомени, кои ќе им го крепат духот при евентуални несреќи“.

И не е ништо чудно што во најново време кога се надвисна фашистичката опасност и несреќата над цела Европа и 1941-та година до прагот на Москва, кога неговиот роден град даде сигнал во октомври истата година за крвавата расправа со фашистичките окупатори и нивните слуги во Македонија, една чета од борците на Прилеп го стави Ѓорчевото име на своето знаме како

симбол на цврстата решеност да се бори докрај за извојувањето на својата слобода. Под името на Ѓорче дејствуваа во текот на Народно-ослободителното движење и Народната револуција видни партизански раководители. Подвигот на четата „Ѓорче Петров“ кај манастирот Прилепец со восхит е одбележен кај Кузман Јосифовски Питу во неговото писмо од 28. XII. 1942 година до Благоја Талевски, тогашен секретар на месниот комитет во Прилеп, со следниве зборови: „Неодамнешниот подвиг на прилепската чета од одредот „Ѓорче Петров“ покажа оти храбрите народни борци заслужиле да го носи нивната бојна група името на стариот борец и родољубец Ѓорче Петров и на дело тоа го покажа, кога решија до еден да изгинат, но да не паднат во рацете на крвавите слуги и на фашистичкиот непријател . . . Подвигот на прилепската чета ќе го следиме! Храбрите другари ќе ги осветиме!“

Во редица други прогласи, летоци, писма и други документи од Народно-ослободителната борба и Народната револуција името на Ѓорче Петров се евоцирало со голема почит редум со имињата на другите основоположници на Македонското национално револуционерно движење. Во прогласот на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија од ноември 1941 година се повикува македонскиот народ да тргне по славниот пат на македонските великани, меѓу кои Ѓорче Петров зазема едно од првите места. Во прогласот на ЦК КПМ од јуни 1943 година со кој се кани македонскиот народ да ги развие во полна мера своите внатрешни сили, Ѓорче Петров, редум со Гоце Делчев и други борци од минатото, е наречен „наш учител и првоборец за нашата национална слобода.“ Најодзади, кога веќе се ближеше ослободувањето на Македонија од фашистичките окупатори, во својот проглас од 4 август 1944 година ЦК на КПМ со несомнена гордост се обрнуваше до македонскиот народ помеѓу останатото и со следниве зборови: „Идеалите на твоите илинденски првоборци Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Сандански и др. остварени се.“

Ценејќи ги заслугите од нашето минато веднаш по ослободувањето на нашата земја од фашистичките окупатори на името на Ѓорче Петров и во негова чест беше наречен најблискиот град до Скопје. Многу училишта и други културни установи со гордост и денес го носат неговото заслужено име. Неговото име стои на чело на нашата понова историја, неговиот светол лик многу рано влезе во нашата литература, театарот и филмот.

Новата генерација што во слободната татковина може да се посвети на творечка и истражувачка работа на животниот пат и делата на Ѓорче Петров, не може а да не констатира со гордост дека по зрелоста на своите погледи на целта и методот на борбата на македонскиот народ во минатото; по упорноста и способноста со која ја бранел со жив и пишан збор самостојноста и независноста на македонското национално-ослободително и револуционерно движење; најодзади, по огромната енергија и патриотскиот жар што ги вложувал скоро три децении во тешките борби против разновидните непријатели на слободата на македонскиот народ, Ѓорче Петров доаѓа во редот на најкрупните фигури во македонското национално-ослободително движење.